Република Северна Македонија
**Министерство за транспорт**

Бр.68-6334/2
Скопје, 19.08.2025

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со Заем кај Меѓународна банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за Заем за финансирање на Проектот за унапредување на трговијата и транспортот во Западен Балкан („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), Решение за формирање на Комисија со архивски број 68-6334/1 од 12.08.2025, Министерството за транспорт донесе:

**ОДЛУКА**
**За поништување на активноста од планот за набавки број WBTTFP–MK-411D-1**

1. Поради распишаните Локални Избори за 2025 година во Република Северна Македонија („Сл. Весник на РСМ" бр.167/25) објавената тендерска постапка за набавка на Индивидуален Консултант, Експерт за Трговија и Царина во согласност со точка 7.36 од Регулативите на Светска Банка, а за потребите на Единицата за имплементација на проекти финансирани од Светска банка при Министерство за Транспорт, **се поништува**.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

За потребите на Единицата за имплементација на проекти (ЕИП) финансирана од Светска банка за Проектот за унапредување на трговијата и транспортот во Западен Балкан во планот за набавки со активност број WBTTFP–MK-411D, предвидена е тендерска постапка за набавка на Индивидуален Консултант, Експерт за Трговија и Царина од 28.02.2020 година. Потребата за замена на Консултантот предизвика потреба од ажурирање на планот за набавки

со под- активност WBTTFP–MK-411D-1 од 25.07.2025. За под-активноста WBTTFP–MK-411D-1, тендерска постапка за набавка за Индивидуален Консултант, Експерт за Трговија и Царина добиена е согласност од страна на банката „No objection“ од 06.08.2025 година.

Од причина што огласот за тендерската постапка за набавка на Индивидуален консултант е објавен по распишаните Локални Избори во Република Северна Македонија („Сл. Весник на РСМ“ бр.167/25) од 09.08.2025 година и од причина што тендерската постапка за набавка објавена согласно регулативите на светска банка може да се смета за ангажирање на лице во јавна установа во согласност со македонската легислатива член 8-а од Изборниот законик, Министерот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Тендерската постапка за набавка на Индивидуален косултант, повторно ќе се објави по завршувањето на локалните избори.

Министер,
Александар Николоски

Подготвил: Наташа Стојановска, Експерт за набавки, ЕИП
Провериле: Власта Ружиновска, Експерт за набавки, ЕИП
Одобрил: Маја Лазаревска, Директор на проектот, ЕИП